Во Културно-информативниот центар вечер (18 декември) ќе биде отворена изложбата „Мал формат“. На изложбата, која е во организација на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, ќе се претстават 48 автори членови на ДЛУМ од цела Македонија...



За изложбата „Мал формат“, Друштвото на ликовните уметници на Македонија ќе

додели три награди од областа на сликарството, графиката и скулптурата, а Културно-информативниот центар ќе ги додели наградите: „Вангел Коџоман”, „Адем Кастрати” и „Константин Мазев-Коце”.